СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Година 21 број 2	Чешиново-Облешево 12.02.2025 година	Излегува по потреба

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Славе Варадинов од с.Кучичино

1.Ја прогласувам Одлуката за еднократна финансиска помош на Славе Варадинов од с.Кучичино што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 05.02.2025 година.

2.Одлуката да се објави во „Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево“.

3.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.09-405/1 Општина Чешиново-Облешево
11.02.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/2015 и 7/2019), а во согласност со Програмата за остварување на социјална заштита во општина Чешиново-Облешево за 2025 година бр.08-1726/1 од 22.11.2024 година („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.16/2024), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 05.02.2025 година донесе:

О Д Л У К А
за еднократна финансиска помош на Славе Варадинов од с.Кучичино

Член 1

На Славе Вардинов од с.Кучичино, со постојано место на живеење во с.Кучичино ул. Трајан Мицков бр.6, му се одобрува еднократна парична помош во висина од 6.000.00 денари (шест илјади денари) како помош за лекување.

Член 2

Средствата да се уплатат на сметка на барателот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-402/1 Совет на
11.02.2025 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиско – материјално работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.10.2024 до 31.12.2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиско –

материјално работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.10.2024 до 31.12.2024 година што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 05.02.2025 година.

2.Одлуката да се објави во „Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево“.

3.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.09-404/1 Општина Чешиново-Облешево
11.02.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 05.02.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот за финансиско – материјално работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.10.2024 до 31.12.2024 година

Член 1

Се усвојува Извештајот за финансиско–материјално работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.10.2024 до 31.12.2024 година, изготвен од страна на директорот ЈПКД „Облешево“.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ќе се објави во „Службен гласник на општина Чешиново – Облешево“.

Бр.08-400/1 Совет на
11.02.2025 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за одбележување на „Св.Трифун“ во с.Кучичино

1.Ја прогласувам Одлуката за одобрување на финансиски средства за одбележување на „Св.Трифун“ во с.Кучичино, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 05.02.2025 година.

2.Одлуката да се објави во „Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево“.

3.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.09-405/1 Општина Чешиново-Облешево
11.02.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево„ бр.6/2015 и бр.7/2019), а во согласност со Точка IV од Програмата за активности на општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2025 година бр.08-1718/1 од 22.11.2024 година („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.16/2024) Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 05.02.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства за одбележување на

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

„Св.Трифун“ во с.Кучичино

Член 1

За верскиот празник „Св.Трифун с.Кучичино“ 2025 година се одобруваат 50.000,00 денари (педесет илјади денари).

Средствата да бидат наменете за :

- Купување на телевизор или друг вид на бела техника како помош за организираната лотарија од страна на организациониот одбор и
- Со остатокот од средствата да бидат покриени други активности организрани по повод одбележување на празникот.

Член 2

Средствата се обезбедени во Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2025 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-401/1
11.02.2025 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за собирање и транспортирање на комунален отпад

1.Ја прогласувам Одлуката за давање на согласност на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за собирање и транспортирање на комунален отпад, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 05.02.2025 година.

2.Одлуката да се објави во „Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево“.

3.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.09-408/1
11.02.2025 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 11, став 1, точка 5 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на РМ“ бр.38/96, бр.9/97, бр.6/02, бр.19/02, “бр.40/03, бр.49/06, бр.22/07, бр.83/09, бр.97/10, бр.6/12, бр.119/13, бр.41/14, бр.138/14, бр.25/15, бр.61/15, бр.39/16, бр.64/18 и бр.35/19, и Службен весник на РСМ“ бр.275/19 и бр.89/22), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/15 и 7/19), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 05.02.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за давање на согласност на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за собирање и транспортирање на комунален отпад

Член 1

Се дава Согласност на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за собирање и транспортирање на комунален отпад бр.02-247/1 од 26.12.2024 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-403/1 Совет на
11.02.2025 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за ставање во функција на трафостаницата во с.Кучичино

1.Ја прогласувам Одлуката за одобрување на финансиски средства за ставање во функција на трафостаницата во с.Кучичино, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 05.02.2025 година.

2.Одлуката да се објави во „Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево“.

3.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.09-407/1 Општина Чешиново-Облешево
11.02.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21, став 1, точка 43 од статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/15 и 7/19), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 05.02.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За одобрување на финансиски средства за ставање во функција на трафостаницата во с.Кучичино

Член 1

Се одобруват финансиски средства за ставање во функција на трафостаницата во с.Кучичино, а со тоа и оспособување на водоснабдувањето на жителите во с.Кучичино.

Член 2

Се овалстува Градоначалникот во име на ЈПКД „Облешево“, да ја плати фактурата за извршена услуга на ЕВН-Електродистрибуција Кочани, во која подетално ќе бидат опишани активностите и финансиските средства потребни за реализација на активностите од член 1 на оваа Одлука.

Член 3

Средствата се обезбедени во Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2025 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ќе се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-354/1 Совет на
05.02.2025 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

СОДРЖИНА Стр.

1.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Славе Варадинов од с.Кучичино..... 1

2.ОДЛУКА за еднократна финансиска помош на Славе Варадинов од с.Кучичино..... 1

3.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиско – материјално

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.10.2024 до 31.12.2024 година..... 1
4.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот за финансиско – материјално работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.10.2024 до 31.12.2024 година..... 2
5.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за одбележување на „Св.Трифун“ во с.Кучичино..... 2
6.ОДЛУКА за одобрување на финансиски средства за одбележување на „Св.Трифун“ во с.Кучичино..... 2
7.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за собирање и транспортирање на комунален отпад..... 3
8.ОДЛУКА за давање на согласност на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за собирање и транспортирање на комунален отпад..... 3
9.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за ставање во функција на трафостаницата во с.Кучичино..... 4
10.ОДЛУКА за одобрување на финансиски средства за ставање во функција на трафостаницата во с.Кучичино..... 4
11.СОДРЖИНА..... 4

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО